Ако се сетиш некогаш
дека земјата кружи околу својата оска,
тогаш сети се и на Македонија
која заедно со сите свои дијаспори
кружи и околу својата судбина!

Сети се и на златната книга
на која е испишана таа судбина,
на пресудата со сите обвиненија
против сите невини Македонци
осудени на смрт или прогонства!

Сети се на патувачките гласници
на буните и востанијата,
на бунтовниците и востаниците,
сети се на храброста како доблест
и предавствата како прокоба!

Сети се на оние што рекле
дека сме биле тесто од трици
та секој кадар и некадар можел да го меси
и да не дели како нафора,
како црни питулици за раздавање!

И не заборавај ги сите пишувачи
на лаги и лажни истории,
не заборавај ја дури сенката на душманот
зашто катаден таа се намалува,
а пред зајдисонце се тегне и зголемува!

И сѐ на крајот ако заборавиш
кога мозокот беспрекорно ти го перат,
разорувајќи ти го умот дека не си тоа што си,
запомни само едно: дека имаш македонски ген
и дека немаш ништо друго освен Македонија!

*Панде Манојлов*
*13 јануари 2013 г.*